| | |
|---|---|
| **Неделна Тема** | Јас сум чист, јас сум здрав |
| **Содржина на денот** | „Чиста играчка“ |
| **Возраст** | 2-3 години |
| **Воспитувач** | Валентина  Буш-Бошњакоска |
| **Дневни активности** | |
| **Здрави и безбедни навики** | Разговор и потсетување со поимот физичкото растојание и начинот на кој тоа се изведува.<br>Разговор за одржување на хигиената на рацете и кога треба да се мијат (потсетување на  начинот на кој треба да се мијат, со кои средства). |
| **Активности** | Разговор за играчките.<br>Детето да се поттикне да ја покаже, именува и опише играчката со која сака најмногу да се игра. Родителот нека му дозволи на детето да размисли и самостојно  да се искаже, а во воочување на погрешно искажани зборови да го исправи.<br>Детето да се поттикне кон размислување со поставување на прашања: „Зошто треба да се игра со чисти играчки?“, „Дали треба играчките да се ставаат во уста?“,  „По играњето што треба да се направи?“.<br>Со детето по завршената игра заеднички да се измие играчката, исуши и истата да ја остави на нејзиното место.<br>-Прошетка на отворен простор со вежби за одржување на физичко растојание при движењето. |